## Денес



**Јасна Франговска**

> На детско надитрување личи трката за поставување споменици на древниот војсководец, во која влегоа политичките кругови на Македонија и на Грција - чиј Александар е поголем и кој споменик побрзо ќе биде поставен

# Чиј Александар е поголем и побрз?

Скора изградба на споменик на Александар Македонски во Атина, со кој ќе се претрка поставувањето на спомеников на античкиот војсководец во Скопје, најави деновиве грчкиот весник „Прото тема“, објавувајќи нова „натпреварувачка“ фаза во грчко-македонските односи.

Идејата е со интензивирање на постапката за поставувањето споменик на Александар во Атина, временски да се победи Скопје во таа намера. Каков триумф!

Очигледно бесмислената битка чиј е Александар преоѓа во нов ров - кој побрзо ќе му крене споменик и каде ќе му биде кренат поголем споменик. Во буквална и во преносна смисла.

Па, работите засега стојат вака.

Спомеников во Скопје е дел од проектот „Скопје 2014“. Одлуката за негово поставување е донесена во 2006 година по иницијатива на пратеник во градскиот совет од ВМРО-ДПМНЕ. Првобитната намера спомеников на Александар да биде поставен на улицата Македонија наскоро е преиначена и древниот војсководец доби локација на централниот плоштад на местото каде што во 2003 година тогашниот градоначалник **Ристо Пенов** планираше поставување обелиск.

Спомеников во Атина, како што јави „Прото тема“, е финансиран од **Јоргос Караџаферис**, лидер на ултрадесничарската партија Лаос, кој во 2006 година на конвенција на партијата во Солун поздрави со хитлеровски поздрав.

Македонскиот споменик се лее во Фиренца, а Скопје веќе две недели во широк радиус ги заобиколува подготовките на фонтаната во чие средиште ќе биде поставен. Засега е готова само дупката на централниот градски плоштад.

Спомеников што ќе го финансира Караџаферис е висок 6 метри и го прикажува македонскиот лидер на коњ.

> Главните прашања - за економската слабост и силата на исклучивоста на Грција и за проблематизираните човекови права и колективната иднина на граѓаните во Македонија - ќе останат во сенката на стапалата на Александар. Или уште подобро во дупките на плоштадите кај што остана закопана секоја идеја за достоинствено решение на апсурдниот спор за името

И скопскиот е на коњ, но статуата ќе му биде двојно поголема - 12 метри.

Ама атинскиот ќе има симбол на победата во раката.

А скопскиот, пак, ќе биде поставен на постамент висок 10 метри и ќе има меч во раката.

Спомеников во Скопје ќе биде поставен до крајот на 2011 година.

А спомеников во атинската населба Палео Фалиро? Според итноста на Караџаферис и атинските власти - пред тоа.

Бесмисленоста на целата оваа трка, всушност, се согледува во сета своја силина дури кога ќе се пребројат часовите, деновите и месеците, загубено време, нерви и енергија, употребени за мерење на постаментите и на екстремитетите на спомениците на Александар во Атина и во Скопје.

А состојбите можат да се измерат и без метро во рацете.

Грција е во Европската Унија и во економска криза, за чие надминување министерите за финансии на земјите од еврозоната штотуку решија да ѝ понудат заем од 30 милијарди евра.

Македонија е надвор од евроинтеграциите и штотуку излезена, според вицепремиерот Ставревски, од економската рецесија, за чие надминување не користеше странски заеми.

Грција ја има Германија, која смета дека е рано еврозоната да ѝ помогне на економски недисциплинираната земја-членка.

Македонија ја има Грција, која смета дека никогаш не е доцна да го сопне малиот северен сосед со исто име како и нејзината северна провинција во процесот на меѓународното интегрирање.

Двете имаат споменици на Александар во своите главни градови, во чие поставување ќе се истурат едно чудо што приватни, што државни пари и уште повеќе лични и колективни фрустрации.

Главните прашања - за економската слабост и силата на исклучивоста на Грција и за проблематизираните човекови права и колективната иднина на граѓаните во Македонија - ќе останат во сенката на стапалата на Александар. Или уште подобро, во дупките на плоштадите кај што се поставени постаментите за неговите споменици и кај што остана закопана секоја идеја за достоинствено решение на апсурдниот спор за името.